# ЗА НЕКОИ СПОМЕНИ ОД ОНАА НЕКОГАШНОСТ...

Стефан Марковски

Издава:
???

Библиотека:
???

Идејно решение за корица:
***Боро Петров***

Компјутерска обработка:
***Печатница „ГЕНЕКС“ - Кочани***

Печати:
***Печатница „ГЕНЕКС“ - Кочани***

CIP
???

***Непознание***

**Во структурите на мудроста**

Еден филозоф лично ми проискажа:
Мудроста е само фасада на секоја поединечност
во нас.

Од суперкомпјутер дознав дека се е релативно.

Животот ме стокми да анихилирам дискурси
на неможни теми
Го сторив сопственото и себе си.
Ја сторив сета замислива реалност
Во безмерна краткотрајност од замисливото.

Конкретно:
Набљудував како секоја замислива појава
Суделува со остатокот.
Но јас бев секоја појава.
Или „душа“
Како што ја назва филозофот стварта на
опредметеното.

Тоа формата ги вдахнала сознанијата за
„јас“, „ти“
и сето останато
Во непостојноста на просторното.

Фактите, односно, јас
Ги обесправија.
Ги поништив ставовите на обајцата
Преку несовршено логичка методика

- Обдареност на овој тек
За кого незнајно, сеуште тврдам дека е
природен.

## **Суд кон појавите**

Ќе ја доиграш својата игра во космичкиот танц
на овие ентитети
за да ја потковаш илузорноста на мигов.

Имитирајќи го Тао во миговите на својата
подвижна фарса
ќе обестелесниш низ продорот до пекол во
чувствава
што го држат земсково плато през три кита
за вечноста да поита со сигурен чекор кон
оставштинава
немоќта што ја бодри до смртта своја...таму...

Жална согледбо што ја тмури вистината
Надвисната ко тажачки облак в гради
Ти досегаш што ниту една друга не би ја осмелила
развратноста своја
Да изрече...
Ти незаменета од друго бивство постоиш
За мене...зошто ?
Зошто кога не постојам за тебе
Стихувана желбо што ги ткае желбените пориви
на секоја
На сечија илузија во посед на друга?

## Се прашав како тежнеат формите?

Се прашав како тежнее формата
На смртничкото
Призрачје од муграта во ветрот – нејзин
длабител;
Крвавото длето
Од ронливата, бессочна кожа
Мимикриски отстапки што гаја
Ги откопува ништавилата на Космосот...

Тежнеат ли формите
Дур силата на зборот непречено
Потрошената фантазма на брегот што ја облева
Трага по поразот на живото лице што ги опшило
на себе
Овоземските сеќавања...

Ако тежнеат формите...
Дедукциите на секој процес в мноштвеност
преливаат
Споменски врски врз жива рана
Несфатливото гаја заморци во меѓусебно
сродство
Убива со цел сфатена благородно
Целта поимно несфатена ко мнение.

Се прашав зошто тежнеат постојните форми
На реалноста в допир на свеста со прашални
фантазми.
Фамозната фарса

За која сенливата мантика шепоти
Повтор облачно го прави времето в очи
Итро во победа крајна над креатори нејзини
Сништата сезнајни в очи
В слепило на семоќник што бдее надгробно.

**Учителот кој не знае, следен од свој ученик**

Мрачнина в болните писоци;
Боленикав угор
Лачност нема
  Потклекнато во еден спомен на дрскоста и поразот
Угрева студенилото на сакатиот, зад муграта
Сред една луњава благост.

Старец на својот занает
Растресит во својот вознес ја буи суштината на споменот утробен
И спомен моментен, осознаено присутен.
Вечен е споменот
На угорот етерно воскликнат.

И младешки писок. И пискава голотија.
Без призвуци процесот се надминува во непрегор
Пред голотијата на стрмоглавата суштост.
Чиракот обезглавено предничи на патот кон најсуптилната штурост
Без плач, ниту потстрек.
Без виорот на жалта.

Мајсторот молитвено гушејќи се
В прекин ја присобира остаточноста на животот
Низ изреченоста кон својот наследник.
Заоѓајќи со трепетот на болните ириси
В пресрет на безочните, ученички.

Пресмело, разјарено, чирачката рака трепери
веќе
Под височината на ноќта
Проткаена ко спомен
Во немилост квечеринска.

И тогаш времето обавува
Смена на контрасти
Која нечувствено се промајува со погледите
Спречени од загушливата виорност на падот.

Магловита ко трње
Тогај смртта ќе те обесправи со надмоќта идна.
Му се зарече старецот на ученикот горливо
В претсмртни тишини
Кои го милуваа кротум. Зараснат за виорот
белодневен,
Виор сед.

Починатиот низ чувството на смрт
ги осозна природните закони во согледбата на
секое дејство.
Времето не запре.

## Пустолови на грешни романси

Патувам, зар, низ поглед новоизгреан
Кајшто земските таги
Ранетото море го зедоа
Под таа прекривка.
Ти, единствена знаеш.

О, зеници нурнати
В твојте коси
Проткајани
Правје на жолти пеперуги
Гледаат пламнати
Низ нови неусетни слепеења
В недофатот твој и лечен.

Исушена гранка
- Проколнат орнамент
Над некои вцрвенети од твојот образ белини
През ноќи рани сеуште
Ко патник
Низ парадокс на невиноста и илузиите на
времето
Те следи в сни.

Оние кои те доловиле ко утрата росни
Под стреа некогашна
На мртвите ластовици
Изутринава повтор те снашле
Те насреле
Ко лист лисјето пожолтеано

За онаа твоја крута неимателност од пориви,
Тиње на шегобијства, машта од порои.

## Твоите учества во расколот на живите сезналци

Засегнат од пркнатото сред таа  мисловност
Ја бележиш пропаста на своето во тоа.

Закопано се наѕираш низ формалната
метафизика
Која руи оболувачки писок до реалноста
За сметка на рециталиве
Од животна важност.

Некои прагови бесвесно те морат претходно;
Дефинитивно од умората се сеќаваш стопен
Пред преминот од онаа страна  на гротлото
Дури в привидот слепооко се огледуваш.

Потхрането од загубениот образ на сезнајноста
Венееш
Устремено кон ништавила
Кон својот сознаен субјект
Од етичка перспектива на објектите.

**Интелигенции**

Допирот – остареното
Слабоста – хармониски подред
Силина – мечта на допирот
који нема еднина.

Еден потрес при некоја креација
Ја остава оваа креација неминовна...
Ѕвездите пружат мижуркава светлост
при патеката на поезисот
Втренчени во хаосот
Распостелан врз оваа осивена планета
Втоната при некаков зачетен смисол за научност
Применет преку роботиката на едно свое извршителство
Премин на создателства
со посег кон неповратот на деволуцијата...

Создателствата тлеат при допир со своите вистини...
Преминот на моментново
Со пренагласени диспропорции
На невиноста и дострелите при тие конципирања
наизглед празни,
навидум преполни ограниченост,
Сневидува през восприемот
На невосприемното.

Светлоста слепечка – предизвик на видовите

умеења
Гори !

Некои мигновени креации
Движејќи се кон рабовите на оваа фреска
Што пламти раскрвавени утра
Согоруваат при хармонии
Наложени од умеењата.

Секое умеење тлее
Следејќи сништа вонсетилни.

## Херменевтика на сознајното

*Во едно исчекување на новите полети...*

Беспоимен е почетокот на секоја опстаната
логика
Одвојувајќи трепер
плурализам кој изродува незнаења
низ секоја екстремна дедикација на пресвртот
будител на личноста спремна за смрт
при најмалку контрадикторната логика.
И при мигови на ненавестена смрт.
Но, дали?

Што е вистинито? Вистинитоста пак, каква
метафора вообразува?

Принципи безделбено го ронат крајбрежјето
На оваа сетилност
Дефинирана како сетилност.

## *Небитие*

**Бесмртност, зар си родена ти...?**

Зарем постојат
Когнитивни основи
Живите опсесии на твојот мртов бог-запленител
Да ги носиш
Една, неповторна?

Твојот бог-безбожник
Заблудата ти ја беше распнал
На светлозрачјата
Меѓу твоите две
За четириве зеници...

Ти се капеш
Во тие солзи
Солзите со кои ја бараш смисолта немилосрдна,
Дури збистрена, чиста од нив?

Зарем невротоксините
Ја струјат
Болката на сетилава
Под напон на немоќта со извор на од тебе
сфатеното
До аортата на смртта
До срца што хибернираат
Дур постоиш?

## Крајолици

Низ занеси тромоглави, преку поднебјава спознатливи
Дур дотрајности не пејзажираат бледолики во студенилава
Чија е фантазмата на фигуриве
Суицидно се прашаме.

Трома е таа суштина
Што не втерала в потери за формите...

Ѕвонливо стрмоглавиме по патот одреден од неа
Како в нераскин сенка на смртта
Наша и нивна
Што не сознава в бестражја
Отаде портата на сонцето
Создателот на вечново следбеништво.

**Антропоморфеми**

Музикава низ чие посредништво
моментов се нижат мечтателниве стихувања
Ко лечен теријак ме одвраќа од овие таги
Продрени со виењето на времето низ
протежноста.

Јa слушам сета музика на светов
За прв пат, воопшто,
Буквално
Како ниеден жив меѓу седумтемина билиони меѓу
нас.

Но, чиј ли прејудикат би навел
Дека
Тоналитетот на звуциве пишува стихови
Бесчувствено, безосвртно кон сладоста на своето
присуство
Пред искусеното,
vasa sacra на ставовите третирани однадвор.

Низ сјајот
Дебитантново венусто
Преоѓа кон неповрзана целина од ноти
Во неисказна форма.
Сметано на јазикот на сетилата...
Тоа сме...

**Песјаци**

Ко горостас
Анатемисано сеуште висне над океанот
Облакот што ја прекри насолзената приказна на водните пространства
Вон себеси
Пргавиот
Што го угаси духот мој прегорен од плам пеколен
Од нераспределената еднаквост
Под сончевата механика на живот во копнеж и заблуди
По живот.

Ќе останат несфатливи
И по нашето одвраќање од природата на овие твари
Механичките шегобиења
Во тонусот на озаконетиов призор
Од световите на туѓото минато
    Во срцата
    Место паметта наша
Што ја кине стварноста на парчиња
Огнот на вечноста што ги пали и гасне еднovремено.

## Кон разобличјето на зајдисонцата

*Повикувајќи ја тишината...*

Видов:
сите исушени стебла во округот
осамнуваат сред бршленовата прекривка
на песочново тло.
Сознајна е тогаш молскавичната вистина
за нашата мимикриска сила
и симбиотичките врски
штом ја општат согледбата и за еродираниов
земјопој.

Обезвреднувачката беседа кон првата
филозофија
го крши дијамантот на логичките сништа
и низ процепот на човековата меморија
исполнува океан од солзи
за неукоста низописна.

Разбиениот на тавтолошка иманенција, став
од личното при преминот кон објектното
станува нескршливост
посилна од самата промена
a priori сознајна.

Профани фантазии,
Личноста,
При тамошните допири со мракот
Ја просејува оваа вистина;

Дел по дел, чекорејќи
Содржејќи ја,
Содржински отсликаната во себе.

Шумата од соголености на спомените
Низ аперцепции ќе согори во брановата природа
На контингентната опожареност
Од допири со светлоста.

Вечен детерминизам
Лебди низ вселената в голтка
Жедта на мислите
Што ја гасне
И сувилата на просторот
Ко чар на фантазии
- згрбавеани ко виножита на утрината.

**Империја на зрното прозаичност дур безбитноста се стихува**

Како низ оквир на некаква безболност
Откако чу за пишаниот светоглед
Запаѓаш таму.

Каде ги пронаоѓаш?

Онаму каде поаѓаш
Е одговор на „каде престојуваат“.
Канибалу на сопствените желбени молитви.

Еј, мисловност
Заборави ги вистините
И прејди кон сопствената.

Ти во посед на сето овоземно
Стануваш зачарената округлост на тој миг
Којшто го сметаш за појдовен во нас.
Повредо на битијата во ничија сопственост
Кога ли ќе ја откажеш својата почетна мисија
Да го поставиш поетичното во поредоков?
Митот за вистината

Неспознаен стремежу на сиве мудрости, ти
Спој ги сиве остаточности
Од вирежот под черупката на блудот
Во себе.

И тогај воскликни од таа преродбеничка

склоност
Што те трасира до прапочетокот
И назад, в бескрајов
На овие наредбодавни времиња.

Посети ги ладнокрвните додворувања
            На злотворите кон твојот метеж,
А кои се сметаат за автентични
престолонаследници
На престолот од твојот непрегор.

Изгнатото устреми го, о благороден духу
                        на затишјата
кон стихијната методика на немириве
од кои и самиот страднички ја претрпуваш нејзе,
о, пријателу на закостенава лага.

**Атомика**

Турбулентно се огледува призорот на
докрајчените
Од непостојност
Фатаморгани согледливо беспоштедни в
меѓусебен блуд;
Тоа тие крајно се вознеле сред восхитниот плашт
На листопадот
Вкрстен со ветерна лудост
Ко аноним сепостоен, скитник, полугол...
Облекла од штовен партал распнати
Ко на обрач огнен
До зазорувањето на наидувачкото
В меѓумугрини вметнато.

Илуминациските мигови на честа
Кога очигледно замираат
Се тоа
Токму в долг на вознесот од космизмот
овоземски.
Тоа е случај за времиња дури спекулантското во
науката
Предничи
Дури уметноста бессоно бдее над поимите.
Тоа, како жмиркавоста на неописот
Чезнее по сродби вон метафизичката лукавост
Во полети на таа жмиркавост, никулец на
предавништвата Колоритно скицирани во
формата
Единствена.

Ограничен на терминации
Обрачот мисловни продори в континуитет
попушта.
Досмртните носители обезличено ја губат бојата.
Безагленост.

*Јаства*

**Облаци од копнеж**

Како за раздобјево
Претсмртта задоволува сечија разотуѓеност
Меѓу насладата-девственост и нотите на
распнатата лира;
Пркосливата свест низ тажален одѕвон
Го јури гласникот
На ќудта своја,
На раздлабочените вирежи трескавична опсесија,
Умствената состојба на запурничавото утро.

Јуришот
Скрлетните надвиси ги одронува кон тоа;
Радозналоста ја распушта тегобноста на таа
облакова парада од сништа.

Гласникот ја напушта матицата
Минувајќи ги своите одрекувања
През нова трескавичност на идилата.

Разденот којшто гради нови пристаништа
Кога единствено Никој го следи
Од бурите на ноќта преѓешна донесен,
Ко бран
Ко чкрипот од челични пруги
Во етерот ја разбива еднонасочноста на она што
било
Да одѕвони - она што е
Осквернат од времето, светост што раѓа.

## **Дијалог со опоименоста во тоа**

Вкочанет,
озарена ме наѕираш
низ пргавите коси на твојата омајност.

Лелеавата постојност
онаа, ветената од тебе,
ги крепи ѕидовиве,
како да ги крепи
да ме обмотаат нешто прерано
околу себе, слепи.

Критики насочени кон моиве аспирации
во погонот на добрината од предметиве
внатрешни
пренасочуваш,
здобивајќи ги свои.
И ти, самата,
наѕирам слепоок ко ти
стануваш своја.

Страстите, наѕирам,
твојата кревка психологија ги уфрла
во неподвижното зборозначење
на предзнакот од твојата тиранија
кон суштината, Битие во нас,
бесконечно многуте. Едни.

Бездушноста во таа своја љубов
разјаснето ја гледаш веќе, самата.

Слепеејќи, се обраќаш
в неповрат, штуро:
„Зарем јас? Зар апстрактот? Кохезијата?“
Ти, знам,
прозрачно тажиш,
веселбено зрачиш
начулена, омајно,
наслушнувајќи в пијанството отуѓувачки
незрело.
Нивното.
Пијанството.
Нивното.

## Кордони

Штом надмоќта сирова
На многуте еднакви чинови во животот
Сегашноста  ја сени во моментот кога струи доблеста
Пред лицата отелотворени во божја знаменитост
Пребродуваме нова сегашност.

Непостојната сегаѓност.
Сета непостојна историја,
Низ бран на реалноста
Изгубена во нашите насмевки и насолзени образи.

Неповратно
Закопот во гетото ја скврнави
Величината на ликот
Чие претставништво меѓу овдешните се губи
 Среде збрчканиците на нашите образи.

**Раѓање на насмевката**

Ја отпевам песната на една мртва месечина
Со отсјај забен
Кога насмевката го отвора моето лице
Проткајано руменило
Што извира в зори...
Во следот на луѓето што пеат ко петли
Подотворени
Со усни оковани в медна ковачница заблажено да пејат...

Придружена од непознати
Земски бдејачи над утрово самотно
Испијането од призорот
Играјќи игра,
Валс над свиената кора од лишаи
Се ткае песна со вигор
И в горските уши
Каде белозабата месечина отседнува
Вљубена во пролетта
Што и го раѓа црвенилото в образ.

*Ентелехии*

**Тела на небесни светлини**

Јавето најчесто го поистоветуваат со стварноста
Духот лебдечки во која опоимено мирува
Вкусувајќи ја, допирајќи сетилноста во себе.

Првенец на слава при воскресение
Сонет од дух - носител на верноста
Подолга од обичен живот
Вистински е роден през погледот на живите
сенки
Од кои навира светот.

**Векот идеален**

Од пламениот јазик на леденине усни
Пламтежот над планинското синеење разгорува.

Попуштените скелети повтор ќе проодат.
Надевајте се да ја заземат
Вашата
Барана
Положба.
Положба во духот на овој етер спасителен.

Психа отселена
Во духот на отсутното
Да ја заземе
Улогата на заварувач.
Во наковалната кај се кове сечија мисла
а е една,
Да се врати
Да поита
За да остане вон надлежноста на казните
Од доцнењето
На сопствениот чекор.

Да се согледа постојбата
Таа метемпсихоза
Стравично и одеднаш која го топи,
Со хеуристичкото
Да загосподари!

**Почивка**

*Непосредно по визија на космичкиот танец...*

Еднаш
Насред квечерината издлабена во видикот
Мојот, тогаш  необично тром и истапен видик,
Како сам од себе да сотре
Следен од здивот на тишината, штом чув
Штуро draskaње на непознати површини
Всадено крај просторот пред мојот праг,
Пред вратата немо притворена
Во полусенката на мојот видик.

Посетителот доцен
Ко полетот кон оние мисли што ме обзедоа
претходно тој ден
Се обиде да ги примрачи призорите до кои бев
пошол
При негово осознавање токму тој час.
Беше прикован на местото каде претходно тој
ден
Ја бев закопал својата последна илузија за
животот во оваа пустелија.

Ме довикуваше сопствениот глас
Кого тишината таа ноќ, ценев, го предодреди
Да ја казни мојата грешна надеж, сега во проник
од крвави солзи,
Надежта што ја усмерив кон чувствата, кои
сметав

Постојат со цел да ме вратат на местото
Од каде сум дошол овде.

Наоколу, навлажнети дрвја.
Птици – морничави пејачи на смртта што чекори
Го беа опколиле мојот нов дом на макиите трајни.

Оние диви семиња кои уште муграта ги насади
Никнале во бујни дрвја меѓу моите хризантеми
Истиот тој ден.

Ко враќање на оние оттогаш претходечки
невиности
Ги доживував белезите на светот
Во опколение на духот-учител за секој меѓу нив;
Несфатливото појде низ сетилата
Ко течноста низ сито, кое ко мрежа
Ја фати сопствената немоќ на спознание
Во прикевечерината
Што се преточуваше во самрак.

**Парасомнија**

Идиопатски полет кон
Сплов на проколнати уметности
Сред безвременска околност
Беспросторно
Забележувам.

Луцидна пројава
Дури вонтелесно искусувам
Те стреми кон себе
Откако спознаваш
Безмалку мартирски
- Не постоиш.

Постоиш сред непостојното
Загубено ја следиш, овдешен,
Парадигмата на етерот вонтелесен.

Потенцијалната акција до судирот
Низ кој пламтат синапсите
През предавства
На екстерно насочените хемикалии
Ја дочекува реакцијата
Која
Протежностите што ја содржат твојата семоќ
Ја покоруваат под татнежот на сопствената
пројава.

Дури зборуваш за твојот моментен продир
Низ баналното

со самопрокламирана вонтелесност,
Неуморен скитнику
Поаѓаш през инерцијата на агонијата
Што ги сенчи ко опиум
Поткожните нереди сред разумско бунило.

## Рапсодија на духовните слики

*По еден трансцедентен разговор со својата природа*

Кон
Следачите
Кои обестежнато ја следат
Недопирната јаловост на затоплувањево
Настанато заради огнот во оковво
Бесознајно бледо
Те обѕирам
Солзо.

Табуирана душо,
Спомени на мојот мртов сопатник
Соединете ја стварта на меѓупросторност во
едно.

Како лете исполнета мансарда од птичји песнопој
Вивнете ги низ тактот на непосредни мудрости
Вашите птици-мршојадци во раздобјево на
оддуховена стега.

Но, друговово око ја буи реалноста в разгор што ме
стишува.
Затоа, оддадено ги следам обете.
Секогаш в полусенка имајќи ги,
Низ слепило кое останува да постои половично.

**Медитација**

Тоа е
Будење древни принципи
Дарителство на смисол
Дарителство на суштина
През водопадје одлеано врз замисливите сетила
Водопад во посед на сила што носи
Одвојувања и пристаноци в затвор;
Портите на сезнајното мнение
Ги отворила неимателноста на таа појава.

Тоа не опчинува, почеток
На иницијации
За животот и смртта мисловни
Да се доведат
Во рамнотежа со свеста.

Тоа чисто следење е
Што вечноста по патот свој
Што трае дур втонат во неможното
И не го дозволува
Секој свесен опчин
Засниван на телесни поредоци.

Сознание што извира од недосежна логика
Тоа е.
Неможно за описи
За песна
За секое опипливо рацио.

Несменето нешто
Што го длаби просторот на материјата
За бескрајно високата праматерија
Названа ко чиста духовност,
Состојба во бескрајни тенденции
Да ја загуби супстанцијата
Останувајќи таа самата.
Така тежнее тоа.

Создание е
На сигурност, сила несменета
Во постапките
Од секоја замисливост
На тој авет со изгубени стремежи.
Авет чија екстаза
Мирува.
Мирува со одржливост
Која исто така, мирува.
Со замислата на тоа.
Ко на дланка
Бескрајно лесна
Постои неподвижно.

Ако некој изрече
Дека никој не ја допрел
Ниту на миг
Зашто е неможна
Ќе му одговорам
Дека е таа иманентно впиена во секого
Дека е неможност совршеното одделување
нејзино

Ниту за миг од ефемерие
Ниту за првпат или еднаш.

Неможно е единствено
Предочувањето на присуството на тоа
Во секој свесен опчин ентелехиски.

## *Низетерни вознеси*

**Пристан на дождовните капки**

През шумовите на живите лишаи
Земски мртвила се рујат;
Поаѓа мирисот на празнотијава
Кон езерото од разблатен сончев блескот
Ко чунови развеслани од заплаканото синило
Се збира среде обрач на достоинствата овдешни.

Бранот на офучената стихијност пред нив
Го милува немилосрдието на овие преживеалици.

Во честарот зад мракот стопен
Штом светлините бликаат пред бујакот расцутен
Ко гробови на стивнатите војници по поразот
Ги затрпуваат слабостите.

Врвици во името на нечија клевета стигаат!

На запленетата мугрина ја притиска шумливиот
револт.
Бунтот под дрвените настрешници
При изгорот на нејзините немоќи
Пак ќе е безжртвено задушен.
Нејзиниот пораз, овојпат
Не ја надитри пргавоста на својата природа.
Згаснатата жед ќе ја надуми победата
Штом призорот
Споменатите ги умртви
А синилото отпочне да црнее.
Постојбите пак ќе ги оцрнат стихијните смени.

Новите преживеалици ќе ја доопределат
Новата врвица колонијалисти од небесата.

## Витражноста

*За време на еден занес во мирното небо*

Голомразица.
Прекини. Немири. Трепетливи сништа.
Мразулци предочни кон родните огништа
надвиснале,
налик моите очи кон светлозрачјето угоре,
наспрем трепкавата пролетна сага
пустошите земјишни.
Ѕвона огласни во небесата,
наземи, паганствените жреци обредно
ме преколнуваат да молкнам што не ги видов
среде занесот во карневалот небесен,
среде тишината внесена во погледите
што ме допре заробенички зад ѕидов.
Онаа иста тишина во скршеноста на помирената
стаклена правилност,
мирот врежан во стаклестиот поглед, некаде во
видикот
кој задира во линиските летови на едни
двокрилци
кинисани откај себеси кон секој останат
двокрилец.
Мирни хаотичности - трепет од восклокот.
Крајпатни дрвосани пијаници се тоа; безаголен
свиок.

Плачот на натажените
на ветерните измаглини угоре

ги втера во неповрат.
Нивните солзи на удавот
и во клетите сништа ги нарекуваа омразени
а сепак, надојдените изливи на тие овоземни
страшливци
зајакнаа со лутината и тоа громко пиштење
кое ги уби.
Сетне безредните бестелесници,
бесмртните бедници
го натажија својот дел од лицето на една
дволична природност
и повторно, повторно, непродорниот обрач
на немарност проткаена со каење,
да е стегнат, уверени, всебно тежнееја
околу безделништвата кои удолу збиднуваа.
Јас, кој не умеев да ги опоимам,
ги препуштив двеве стакла на пропаст од
искршување;
во еднократен, агоничен наплив
на соголувањето кое го вршеа над дрвјата.
И над разголеното стенкаво земјиште.
Над бигорливо точкестата подлога
врз која надвиснуваше тежината на земјата.

Не посегнав да им попречам да ме соголат и мене,
во кражба при туѓи страданија.
Како демнител кој божилаци воспriема често
беа протуркани оние први снегулки.
Ги разидував.
Земјишно лукавиот еднообразник, нив, потоа, ги

прејде.

„Восприемачи на проштенија,
двигатели на спокојствата по кои трагам
одвеслајте низ трепетов
во чии темнини втонувам.
В бестражјето чинам, голооко сум втонат;
не спасувајте
ве колнам ко звучноста мене“.
Паѓаат, издишаните.

Заситено,
од лелеавиот призор
копнежлив сум. И понатаму. И повторно.
Засекогаш.

Самотната ѕвезда каква и која в безоблачје ме
снаоѓа
широкоград
ја минам.

Умешливо,
како в пустина.

Ете, сончева непритајна остаточност
ќе проценам, ќе уследи
и уследува бегло ко жестина.
Сводот втонато ме следи и дрско припива
до себе.
Бегам повторно. Неуспешно, повторно.
Од себе, кон сите освен себеси

јас итам.
Нови патетики.
Сонценосни топења на ледовите.
Топење на ледот.
Потем невидливиот говор, знам, кој преткажан е,
збиднува, в незапирот на своето време,
меѓу приврзаници на обросеното, од тебе тло
и ти, небесо глува
повторно,
зад која, знам,
ќе извираат горежливите
млазеви непресушници,
пеколозрачја непресушни
кои те сушат смртна, тебе.
Бездушници.
Небаре ликот, кој чинам
жалосно ги беше доставил
усилбите на ветрот во разлачните небеса
беше сончевиот зенит
над ридот во крајбрежјава.

Зрачен е мојот поглед кон широв
би рекол на срцево радо,
Сал да не го родеа мртвиве очи
на прозорецов
скршени од преобразбата во мојот учинок
и лицевата цврстина во руменилово
би ја црпел дождеивоста на денот зад мугриве
оној кој ме следи,
истиот,
што ме врочи.

## Триптих за ветерницата

I

Под сенките на пламтежот од мртва
дрвенарија
и крај тој единечен раскрилен поредок
каде тие по фучењето ожесточено колабираат
е тоа.

Кришум покренато
лелеаво од својот стрмоок палител
го држи баналното
непоместливо, додворувајќи се на тоа фучење.

Продолжува овековечувањето со други
методологии
кои му даваат лик
на колоритниот здив откај светлозрачјето.

Се просеваат голините под сенката
наспроти пламтежот.
Онаа смирувачка сенка отспротива
кохезиониот
пламтеж.

II

Црно и црно. Татнежи кои беседничат
со затапената глувонемост на крајоликот.
Сенките отуѓено ќе се вознесат
- наговестувачки оддаваат нечии мириси.

Стампедото пресушени лисје

полека ја благотвори сигурноста на проиграно
ропство.
Поспоро и од претрпувањето пораз
патува парадоксот на очекуваната
неменливост.

Продуктите на тоа полнозначно ропство
ја осврнуваат користољубивоста на нештата.
Како би постоеле.

Технички, житниците кои одовде минуваат
ги дојадува истиот недотек,
болеста на таа машинска пародија; горостасот.

III

Се до пресушноста на една фантазија со
потекло од
облаците
која надвиснато ги полага на гилотина
нехомогеностите при месечевата смена
се одржува в живот променава.

Темпоралните стеги од кои пребледнува
мртвиот
работник
во стерилноста на својот безимен труд
ги оддава низ чиновите на пристан
скрупулите на релациите.

Чиновнички ќе исповеда предметот
дека е незаслужен за честа укажана од тој

посетител
со лагата на секоја постојност.

Патем, реакционерството сплотено
в незапир ќе замира.
Можеби до следното фучење на искривената суштост.

**Далечините**

*За време на едно патување*

На бродот сум
Со довици до титанот – Господар на морево...
Ангелот спроведувач на гласов
Ме мами со дарот на ехово
Низ тишиниве
Да се закотвам на пристаништето
Од незнајност и вистина
Што ме остава в слепило...

Безочен пристигам...

На својот полунаведнат
Од валови морски брод
Трепетот на зората
Скриена в меѓите
На пориве низ кои дише денот
Го впивам в клепала ко лек за сето што следи
- Аморфност од поглед сезнаен
На сронетите небеса, ритми на промена.

Ко ветрот – брат на зракопловот
Поднебесен
Дух завеан ми е
Од топли чезнеења
Да ме допре бранот
Бродолом-убиец, срден спасител.

*Смрти*

**Две постели**

Се прпелкаш в сонот, искра на излиши...
Одблесоку, јалово муграта ја ловиш под очи од небесен наѕир
Ликвидни ко солза
Брзи, наспрем водопадот што лие открај
Зборовите слеани ко потта
Веќе безлачна
През
Уморот тага што раѓа
Те воспеваат ко гнев на полубожество некое
Што умрело во тебе
Дур живееш
А те сони мисла бессона.

Ко разоблаченост
Ја губиш преградката со секое јаве,
Ко поле расшумолено од ветришта што ја скаменуваат душата
Талкаш по погледи на очите од планињето
Што те сјаат дур делириумот
Трага по твојата вистина
Нееединствена.

За повтор да заспиеш на тепихот кој фрла сенки врз твоето теме
Неумоливо пркосејќи на секоја потреба.

**Лет на збунетиот архангел**

Корифеју
впиј ја доблеста своја
            што ги буи очиве
            низ сенилноста, до стихијноста твоја;
запознај ги согледбите свои
над овдешноста полна дух.

На провидението ти одолеј, лукав
Низ скепсите премини по патот на сознанијата;
Зракот што ја милува еднообразноста на светот
Следи го до бескрајната цел пред одразот
издавлив.

Челото свое,
Потта што го залива ледна
Употреби го во мигот целосно
На согледби во искусениот одговор
Од огледалото што  така исто со твојата лика
Го зазема погледот на твоите незгаснати лицеви
црти.

Челото свое осознај го при заднината негова
тогај.
Одвој го секој орган од себеси
И признај ја недокажаноста на единственото
сознание.

**Лулка на есенските зазорувања**

Од далеку доспеан
лавежот на овдешните
повтор го куди етерново сувопарие;
одблесоци в ирисите на најмалите
го илустрираат тој потфат
што ја опчекорил здодевноста на лисјето
среде играта со овој етер.

Во природата на текот
Солзата – езеро; влакното – црно иглолисје
Ја длабат раскриленаата нееднаквост
Двојбена острица за нештата, в неприметност.

Допири што ги сквернават суштините
Со преодност на боговите
Тежнеат да се допрат себеси...

Големата мешавина
На форми, тонови, процеси
Ја лиже обесформената суштост на секоја појава
По налог чија неформална законотворност
Семоќта на авторитетот
Од продирот меѓусебен, меѓусуштински
Се претвора во сеопшта вистина
Неканонска, постојна.

Крилјата на денот втиснат во стреите
Под месечевите луцидни призори
Замавнуваат сечејќи ја сатирата

Зададена со обичајот на сето постоење.
Тривијалност.

**Арктик**

Разурнат,
Сила смогната од карпите земски
Единствени под напукнатиов плашт
Песоци изедени од лишаите,
Ме крепи
Дур ползам
Баре напрсти да одам
- Тишината.

Јас, опоимен во ноќта урквач
На сагата плодородни сонца
В распетие на телово и месечинските одрази
Од океанот
Пристигнати, заминати.

Безмирисно чекање на животот,
Несетилна реалност те опковала
Дур чекаш...

Замини; ноќта отровно ќе ја обљуби
Живоста на камењата што те водат
Во наидот од секое вреломорје
- Така и твоето
Врежано врз камните
Бесчекорно што те одвеле
Среде урнисот на она што си.

**Оркус**

Острици! Меките тела од вознесените
херои
во ваш благослов
согледувам; стојат насадени в земја-мајка, в јама,
наизглед
Ко оболус примен в усни-жар од
разгор.

Ледни кои мирувате
Ко дрвје триаголни лисје што кротат
Милувани од невидливиот
Престојот - мечтата кон скорешни почетоци
Кога свеста ќе ја издигне
ќе го заглуши
во себе
темен,
глув
и
хтонски осуден
да живее в облачје
в недопир на еоните.

*Ламенти*

**Ламент**

Ги впиваат мртвиве уши
Ко одзвучја под дождоносна купола
Призвуците
В трепет
На одот
Кон гробот на твоето јалово нивје.

Раштркана, полетта на безнадежности
Плаче бессолзно
Насекаде долж телово-виножитен отсјај
Од езерото што никогаш не ги впи
Твоите сеуште присутни солзи.
Беспричински зар, постојни за навек
До сушата- убиец на твојот езерски рај
Мислата кај се дави од сите можни вртлози
Вкоренети в иста земја
Од кај надоаѓа
Призвучното минато
На празниот земјотрес
Скриен некаде
Со шумотот на некои дрвје
Раштркани мртов фидан
Поткожно внесен при тој повторен допир.

## Раѓањето на солзата

Вирежот меѓу земјата и воздухот
Што продуцира вечност на бдеењето на злодухот
Од првата очовечена пештера
Умира дури огнот и водената стихијност
Ја палат и гаснат тишината што граничи со
телото
Новодојдено в светот на живи мртвила
Свет на делбата вонвременска...

*Бладања*

## Идила на предрасуди

*По еден сон...*

Растргнат од можноста певецот што ја гони
вечноста
Исцелува јадро
Низ единствен,
Сув, механички ѕвекот,
Чудотворна перкусија на милозвуци
Што трага по нови редоследи
Да прерасне до поредоци
Циклично обновени дур се стигне стварта
На механиката што го нуди
Во облик на сопствено сознание.

Да се нуди вистината в непосед – на страданија
рожба е
Да се примени – општествен статус.
Оној што ќе ја примени, в своите незнаења
Несогледливо е мудар колку што очигледно
Фантастичниот разглас на механичката реалност
Ја шири вонсетилно слободата на судот твој,
судот наш.

**Залудни мненија**

Запурничав
Денот го отчука мигот на твојата
Претпоследна инкарнација
В сниве.
Преријата на меѓусмртта
Од твоето последно доаѓање
Со нас е.

Која мисла
Од штуроста бегло се прошира низ тебе
Штом јаствуваш со мене?

Мене – тоа јас на светот овоплотен
Пред космогонијата да се роди
Ги одзема родителите на твојот виор.

Ах, скрбта ко мирен поток ја топи последнава
јадеж
Инспирацијата умира од онаа страна
Спроти нашето раѓање
Во неа.

## Мистици на хармонијата

Кога вашите дострели ја минуваат суштината -
Играта приврршува.
И дур зачаденото невреме ги буи пороците в нас
–
Изгрејсонцето во откров го подражава вашата
оболеност од нас.

Играта се ближи кон својот зенит
Со секое ваше отсуство; безмилоста штом удри
по обезглавените.

Толеранциите низ својот карактеристичен блеф
Го скаменуваат подиумот на кој се игра до новите
изгрејсонца
Дур нозете на вашите подражаватели не ја допрат
болката
Произлезна од вашата световна продуховеност
во костурите в трепет
            - Играчи на поредокот
Само во сните ваши.

Ratio, вознеј не кон себе во безочноста на
злослутново јаве!

## Каменување на сакралот

Проколнете го мигов на инфантилна депресија
Ах, незнајни крици на минатово.
Од под сенката меѓу вас и смртно безбојнава
тишина,
Зададете чекор.

Сотрете ја челуста на гоморта скудна
- Глодар на полупразнава надареност
на студот.

Дозволете идеалот на вечерново студенило
Да ја открива сенилноста на обичајното во вас
Држејќи го ликов осушен од детали
Во кауза на спротивноста ваша,
Во копот од спомени,
Гробот на смртта туѓа.

## Синхроност на смртнички бладања

Некогаш постоел
Ко ефемерен полет од сните
Сонети при тела туѓи.

Некогаш
Ко пладневен виор, накисната полумесечина,
Ја трагал живата неумоливост на тоа.

Се разгневил духот на затишјата
            През злослутења од тела мртви
Кај пронижен
Го бришел
Недостижното
За оваа преодна органика
Мит за потсвеста на горчливи плодови
Што тмури со раѓањата на сетилното
Што умира со воскресите на глувилото
И се раѓа повтор со зачнувањата на смртните осуденици.

**Митски блаженства и предрасуди**

Цветни преноќишта
Допирот ваш
Лулка меѓу два краја е...

Распнат, во таа улога
Придвижен единствено од ветрот сум
Среде груткава
Бесплодна, безрачна, бессона ко полноќта...

Каква ли грешна мисла
Каков порив
Ја исцртува патеката на лисјето
Оваа есен што ме прекри...
Токму есенва...
Есенва кога научив да читам?

И каква несреќа ли, коб во тишини
Примило срцево ко занес од бестражје?

Каков чемер насред дента жедна
За преселба ме кори да жртвувам живот?

Тогај зората, ценам, ќе се огледа повтор
В образиве – авокадо од духот нејзин
Насаден в очи што тежнеат
Талкањево да го одолжат за навек?

**Гордоста дамаскина**

Сакатиот посака вигорен навлез онаму
Кајшто проклетството фрлено ко клетва – камен темелник
Расејаните сништа на поредоци
Ги врежало еднаш за материја
Неподвижна.

Вистината в блаженство
Опиум за смртта на оној што добротворно страда е ...
Вие, од земските огнови окрвавени дворје
Спречете ги поразите на оваа тишина преточена чувство
Што ласка ко солзите наѕрени од безграничниве небеса
Дур ви го велам ова
Сплетен в исти јасли
В чекање исто со вашето...

## Семирамида

Гордоста, о невреме
Спеј ја низ занесот
Монументи божествени што го изискуваат
Од сировото тло
Крај една плодородна река.

Кајшто испаруваат гулабите
Најди ги красните извори на онаа сенка
Со такт и синкопи што го пара воздухот
Еднаква на гласјето
Воскресот на Ара прекрасниот
Што го довикува приземно
При секое враќање твое на небесата.

Животот повикува на лага
Затоа единствено нашите сни живеат!
Токму преземајќи го мотивот
При твојата измама на телотворба
Што в убиствен надвис те втера на пад
Ко времето твоите градини.

Ти, семе насадено од бавчата Еденска младееш довек
Селевкија онаму кај заоѓа в недопир со небото
Својот блуден син до смагленоста на времето
Од твоите овдешни пространства
Го раниш со солзи
Што дрско ги напуштаат образите на светоста твоја

Дур земјиштево
Бурата не ја преточи в прашини,
Сал духовите на ветрот ја разлеат од коритото на твојата влага.

*Карми*

## Опашот на отровницата

О, мисловно прозрачје!
Вонсетилен бдејачу на задгробјето
Сепостојно
Допри до доспевот;
Ѕвездите в отсјај на мртвото око
Името на твојата отровница немо го изговараат;
Слушајќи ги одеците на небото
Кајшто пишти нејасно ветриште
Пратено да ги наговести
Твоиве доаѓања
Те следам
В искушениево.

Смрт, драга, плодородно битие;
Движени
Спротивностите те даруваат и одземаат од прегратките;
Душо, злоупотребата
Незнајно те одзема и дарува;
Телава-мои
Јас-ничиј
Неприпадноста-туѓа
Ти припаѓаме;
Нѐ крадеш пред зазорување,
В мугрини ја отплаќаш казната
Невина.

**Апстракции над сето**

Појдовна, ко страд
Жртвено приуштен
Болникаво пријдуваш на твоево одгласје
Дури, учејќи ги немите јазици на тишината во тебе
Ушиве ко трага по конечниот примир
Бдеат над созвучја
Туѓи на таа страна
Чии опачини
Прострувaат отспротива мене и јас;
Тој чекор.

Глас богурамен
Довикува.
Пиштиш.

Стравот немирта неизлечна ја води в зенит
Залез
Кога чувството инстинктот го пара
Сувомрачје дур ја клати сласта
Втонувајќи делта во твоето растреперено море.
Идеите, чија смрт наѕира смисол
При таа уцена на зборовни постојби
Те раѓаат повтор
Низ лелеци чујни за бладта...

## Скаменета сушност на поривите

Ех, плашт
Живо умираш под солзине
Кладенец кајшто капе
Ко над јама
Исполнета испиени крвје
На непријателот
Во тебе.

**Раја**

Сенко на пресушното
Одразу земјишен
Имагинацијо чие обраќање го следи
Дното послано врз тековите водни...

Одродена од гниежот лисје
Ко сложувалка што го препокрила светот –
животворен за тебе
Свет пеколно вносен за жртвата
Чии очи ја параат низ меури
Течноста што ве двои.

Двобоен сонувач си
В двата периода на денот сув.
Двострана илузијо
Двоока слепице.

Допри ја жртвата во отровна спрега
На телесен претоп;
Мрежо исплетена в јамата на бесознанието
За познаниците твои,
Дали, кога, како би успеала ти -
Те праша еднаш при вечноста - бездна
Мудроста на мртвото алтер его од свеста
- Пред и по секој твој подвиг ентелехиски...

Да не згниеш насадена среде срцевината на
дрвото
- Од паразити премалена душо

Сните твои, мудроста жива
Телесниот ти обвив?
Телесен прекор?

*Воскреси*

**Воскреси на аловоста онаму кајшто отползува**

Тоа ги променува визурите за сегашноста
Немо која бледее
Земајќи здив в непрегорот ноќен.
За да зрачи илузија – лажното
Смарагдното утро што самнее при песнопојот
Низ од ја следи хармонијата на слепите гласови...
Тие глуви претставители на разден од хаосот
– заоѓачот на некогашната смена од ден и ноќ.

Ветрот на умовите ќе ја развее
Низ пустињето на лекомисленост
Виорната самотија
Предизвикана
Од шумот на сувите и трепетливите.
Ќе превтаса да означи нови бегства
Зад сенките на скржавата некогашност.

Сиротите покорно ќе зашумотат
Во оро на омразителни калења метал-казнител.

**Небесен Јешуа**

*Кога залезот и пријде на земјината тишина*

Огревот твој
Распостелан од душава
- До Килиманџаро,
- До Беломорското сивило што ги обвило
твоите насмевки,
- До Сибир, раскошен ко градина спокојна
в очекување на твоја повторна средба,
До крајот на Светот каде в надвис на океанската
тишина
Пловиш,
Испивајќи ја последната капка
Од плачот на земјиното битие
Пустошиш и духотворно бдееш
До краевите.

Дару и проклетство на слободата,
Благословено расплотуваш;
Единствен, јас
Те следам;
Илузорнава потрага ме дарува и одзема
Од телото твое.

Во него никој не ме препозна.
Смртниците го уриваа мнението
Градејќи ѕидини
Мртви во храброста несознајна.

Ѕидот на телово
Благо разурнат
Ме враќа кон името свое.

*Hasupu*

## **Балада на усмртеното**

*Нaѕирајќи ја суштината...*

В целините на овој продор
Натежнато се гушат сите можности
Чија пресудност на поразот
Зависно молкнува зад неговиот параван
На стварноста.
Се сепнувам;
За некои времето е чувствено низ своите банални
игри!

Мојот најзначаен пријател го очекувам миговиве
да ме снајде.
Ко скршеноста на порцеланот што ја следам
сетилно во овие
Гласноговорништва.

Колапсот на туѓото опоимено ме држи
Од животнава страна на барикадава од
безначајни сеќавања.
Благословено остани
Најверна Смрт
Победо на премините кон рамнотежа.

Бладањето за твоите суштински полнозначности
Како осцилација повторливо тоне в
безначајности.

А мислењава, менливо ко суштината твоја

За рамнотежата сеопфатна ме кројат мигум.
Сознавам: ниту ти не си в безмерноста нема
Стабилна
до бескрајни хармонии на мигот.

Сега го опоимувам бескрајно минорното
Во совршена рефлексија на просторноста
замислива
Сеопфатна.

## За примирјата со покојната месечева аура

Еден поглед кон инхерентното примрачје на
мудрите
отелотворение на кревки фантазми е,
единствено,
в мигот наносен до пристанот од таа атмосфера.

Трн зариен е во блуткавата насмевка на мирот,
челуст што ги повампирува
одамна усмртените секачи на дворската
гилотина.

Ружите
низ својот поход
на овоземските паради во посвета
на сништата,
во непрегорот на светлозрачјата
ќе ја стивнат утробната немилост
што ги води во жаришта смртни
на двојби со денонoќните палавења врз студот
откај небесата.

Ќе ја прободе лежерната споулавеност на лисјето
в тесноградата пролет на горските озеленувања
пак;
горага зимзеленее од скршнувачките зраци
на повторно, в бестрага згрешената појава на
сонцето.

## Да се постои (низ вечноста)...

Втисната в свеста
Спуштената вечер
Ко недофатност недопишана на пророкот
В мртвилата на очите од бескраи
Прорекната со секој детал
Од слепилата негови
Почива во твојот крвоток
Што испишува доблесност
Проткаена стих...

**Хибрис**

Воспевам.
Воспевајќи през денов ноќта што ја длаби
оживеан
Ја посетувам сопствената кафеана.
А секој меѓу елементарно невоспитаните,
некултивираните гости на мојата кафеана
Воспева различни ставови за животот
И тоа
Воспевајќи различни погранични средини
До опоимувањето на некакви страдалништва
од земјиното лице што ко converted пареа вознесени
трагаат по нови небеса.

„Смртта возобновена ќе раѓа и по нив“ –
најфамозниот меѓу грстот гости
Прорекнува со острелушен поглед кон своето
шише
Немарно слизнато
Од дланкава, во микс од аловости
Обоена, обесформена.

Поаѓајќи,
Инфразвукот на тоа кршење
Како одѕвон при игра со џамлии
Ги онемува
Сите погледи
Насочени далеку од мене
Мигот кога
Сите мириси

Во комплексната микстура
Не се разложи на обични допири,
На знаци, говор на обединителен јазик.

Преводите на мајчините јазици
Би биле во посед
На вонсетилно постојното.

Кафеаната оваа вечер е празна
Од празни разговори в примрачја стишени од
студ.

Тишината напразна бдее над безвоздушјето в
својата тишина.

**Воспеви на безграничното**

Среброликата рамка на утринскиве пејзажи
Ги одраѓа сните на секое твое држење...
Ах, стиху!

Спопаднат в пустињето на ирационалната сага
През благотворби
Исушените усни ги преливаш со смртоносна жед
Дур се живее под твој кров.

Од страв до реализирана болка
Со солзи жедта што ја гасат, немили
Пискотливите ги полниш дур те владеат,
Прелажани од власта
Што ти ги предава
Полнејќи ти ја утробата со нив. Храната.

Благо присилен, благо почитан од присилата
Постоиш и не си в родот машки.
Ко дух мечтата што ја стреми – вирееш помеѓу, в сите нас
Одгајаници през вечноста твоја.

## **Најдолгата контемплација**

*Додека играв...*

Моево море
Ја голта секоја кревкост
Подјармена од неукоста на слабите,
Оплодена в бездната на планктонот
Кој ги слуша исповедите на бесмртникот
Единствен.

Ветрот кој ги упати недолжните галии
Во спомени запишани на школките
Од дното на бродоломот
Е пријател
Чие доверување
Ме храбри.

Сонцата
Обоготворено ве милуваат
В допирот со кожава
До изгорот ваш.

Секој натамошен мирис на тишината
Ко суден презир
Ја бодри скрбта ваша
Едни кон други.

Но раѓањето
Ќе ве исползи
Пред судниот трон.

Мојата непресушна младост
Ќе пресуди над себе
Предавајќи го духот
На семоќта од мултиверзумот
Виден во зрно спонтаност.

***Сезнајот***

## Вивисекција на лудилото

Те плени
Од
Илузијата на залезот
До изгревот.

Овојпат сигурен во себе
Велиш: „те плени
Ко мирудиите на болката
Дур сознаваш“.

Нападот на вонсетилното
Сеќаваш: те упатил на борба со себе.

Сметаш:
Единствен
Си сè објаснил.

Совршениот ум
Спонтано ти ги наговестил плановите за премин
На светот
Совршено познат
Безмерно твој и туѓ
В безмера неутешлив.

Смртта на секоја утеха најпосле
Ги мори истите сетила
Чија грешност
Ја припиваш кон разумот
Разгранет до невидните небеса

Осенет ко ништавило.
Од себе си.

**Миракули на јавето**

Бладам
Низ мечта
Која не допушта
Допир
Со фанатизмот на тишината.

Таа, во себе
Јас, околу неа.

Сонувам
Со душа
Кревка ко неизронето лисје
Се уште неодвеано
Со пролетта
Наѕрена во чаша вино.
Чаша во која
Допирот на ликов
И метафизиката на енергиите
Преплетени низ водопадот
Кој, воочувам, го родил
Секогаш истиот звук
Успивачки...

**Зад космосот**

Дишеме,
- Тоа дробовите се шират и собираат
Збирајќи енергии
- Извори на животи.

Секоја клетка
Принудно благодари за моето робување.

Макрокосмоси блудат низ окуларите
Роботски очи;
Микрокосмоси огледани в правта на светлините
Залудно говорат за немоќта човекова
Сулудо ги нишаат философските матрици
- Извори на врховниот елан
Уривајќи ја телеологијата на секоја
На сечија
На врховноста
Чија била...

Механичка мисла
Ја продуховува сезнајноста мигновена
За вонсетилните простори,
Слевајќи се во океанот на допирливото
Одново креирајќи сетилни светови
Одново докажувајќи го
Безбројот единства на крајностите.

**Неподвизи**

Додека излагаш
Свои
Низ критика на туѓи
Егзистенцијални потенцијали
Мракот на вонсетилната вистина
Ти продира низ очи
Испишувајќи се на хартијата
Што те научи на животов
Со невидни бои.

Секој посег натаму те двои повеќе
Одошто претходните.
Загубен, погледите ти виреат низ сонетата лудост
На емоциите
Со извор од хоризонтот
Кајшто ги огледуваш
Искуствените лавиринти на староста.

Статичното битие архетипски те возобновува
Дур самото пропаѓа
В непостојното.

**Бог**

Развиорени до амбисот
Прпелкаат низ студот
Низ затишјата на ноќите полни трептеж
Од глувила на беспричинските талкачи низ
ветрот
Што ја меѓи зората со умот
Ко мигновен одблесок на породот
Стигаат воспеви низ понор.

Омнисциентна сенка
Возобликува патишта
Судбински наѕрени...
Недопрени...

Оној брахман
Каде итаат безумните постојби
Ти го усмерил воскликот
Кон себе
- Стварта сенки што припоила ко в сон
Сонувачот кајшто сонетото го опчинил
Претходни познанија...

Свесен за сопствениот сон
Не посегаш по будење.
Мртвилото на новиот ден
Би го впил ко солза
Лицето што ко Јанус ти двои.

Најпосле,

Значењата на сознанието
И секој стремеж на дејствувањето
Твојата божествена терезија
И еднаквите по призор
Вткајани ко неизбоиви платна очи
          Ги едначат.
Тоа сеприсутните танци на Шива
Ги скококткаат мислите на пратишината
Свесна за стремежите кон себе
Свесна за мислите
И несфатливото...

**Вистина**

Лебди
Крај јаремот
Спуштен врз слепооката глава на некој конечник.
Ко предизвик кобен
Ко алка на синџир
Што в бескрајното минато
Врзал
Два невидни краја
Што ја нагазуваш со затворени очи
Дур го минеш
Тој мост
Држејќи си ги во хоризонтала
Инвалидските штаки.

Те презира
Дур си пркосиш
Да ја вљубиш.

Обестелеснето
Виорен
Се поштедуваш од натамошна плодородба
Врз дланките на ветрот
Меѓу усните на вулканот
Кои ко отпушок те исфрлаат
Кон контејнерот на облаците на провидта
Од каде наврнат
Се симнуваш во утробата на водената мајка.

## ЗАГАДОЧНО ПОЕТСКО-ФИЛОЗОФСКО ПИСМО

Уште од дамнина, поезијата и филозофија се проникнувале на повеќе начини: понекогаш поетите ги „преиспитувале“ филозофско-религиските концепти во книжевното дело (на пример, оној на „судбината“ кај Хомер или кај Вергилиј) или, пак, ги транспонирале филозофските ставови во блескаво книжевно руво (филозофијата на Епикур и Демокрит во За природта на нештата на Лукретиј или онаа на Питагора во Овидиевите Метаморфози), додека филозофите неретко користеле книжевни форми и книжевни средства за да ги изразат што е можно поуверливо и повпечатливо своте сознанија и ставови...

Стихозбирката За некои спомени од онаа некогашност на Стефан Марковски, оттука, нѐ уверува дека проникнувањата на поетското и филозофското „пеење и мислење“ не се само далечно минато: во поетскиот дискурс на овој млад поет, раскажувач и истражувач се проникнуваат концептите и категориите од домените на природните науки (форма, просторност, релативност...) со оние од сферата на филозофијата (мудрост, ствар, реалност...), така што уште во првата песна од поетскава книга читаме: Еден филозоф лично ми проискажа: / Мудроста е само фасада на секоја поединечност

во нас.
Но поетот, секако, не се задоволува само со „муроста која е само фасада“; неговата поетска потрага по една подлабока мудрост е доследно водена низ единаесетте поетски циклуси, чиишто наслови во голема мера упатуваат на некои од стожерните концепти од (западните и источните) филозофски традиции: „Непознание“, „Небитие“, „Ламенти“, „Наѕири“, „Низетерни вознеси“, „Смрти“, „Ентелехии“, „Бладања“, „Воскреси“, „Карми“, „Јаства“.
Движењето низ овој поетско-филозофски итинерер на стихозбирката е исполнето со изненадувања, бидејќи филозофските концепти во поетскиот контекст наидуваат на нови и неочекувани интерпретации. На пример, во песната „Во структурите на мудроста“ лирскиот субјект истакнува дека од суперкомпјутер дозна(л) дека сѐ е релативно, а во истата песна го препознаваме и ехото од древниот концепт на емпатија со сите појави, карактеристичен за далекуисточните филозофии, преку идејата за проникнувањето на лирскиот субјект со сѐ што постои: Но јас бев секоја појава. / Или „душа“.
Оттука, во стихозбирката За некои спомени од онаа некогашност се соочуваме со едно ново, загадочно и честопати херметично, слоевито и игриво поетско-филозофско писмо. Во поетскиот вокабулар на Стефан Марковски се проникнуваат многубројните ретки, подзаборавени, напати новосоздадени но секогаш „очудени“ лексеми,

особено именки (разотуѓеност, врелеморје, заморци), придавки (венусто, офучена, новоизгреан) и глаголи (анихилира, опоимува, пејзажира, стрмоглави), кои градат една комплексна, густо ткаена и непредвидлива поетска синтакса.

*Владимир Мартиновски*